СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**Седумдесет и прва (71) седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20.XII.1993 год.**

Дискутанти: Дневен ред на страна 4

-ПАКЕТ на акти за конципирање економска политика по ИТНА постапка.

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 12, 23
2. ГОШЕВ ПЕТАР - 11,12
3. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 8, 10, 19
4. ДИМОВСКА ДОСТА - 24
5. ЖУТА БЕЌИР - 2
6. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 26, 27
7. ПЕТРОВ ТОДОР - 16
8. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 6, 17, 24
9. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 14
10. СПИРОВСКИ АДО - 26
11. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 13, 28, 37 ( Експозе по Стабилизационата програма по пакетот на мерки )

- седницата продолжува-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 20 декември 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Митко Анастасовски, Љубисав Иванов, Ѓлистана Марковска, Санде Давчев и Панче Насев ме известија дека од оправдани при- чини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и Народната банка на Република Македонија.

По барање на Владата на РМ ја свикав оваа седница на која треба да го разгледаме и донесеме пакетот на акти со конципирана економска политика

Во предлогот на Владата за свикување на оваа седница, покрај другите акти се и предлозите за донесување по итна постапка на Законот за буџет, законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година, законот за извршување

на буџетот на Република Македонија за 1994 година, законот за акцизи, законот за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија, законот за изменување на Законот за вработувањето, законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството и законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговско работење.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од свикување на оваа седница и основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овие закони.

Има збор господинот Бекир Жута, член на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во функција на пакетот на мерките свртени во дневниот ред на Собранието на Република Македонија за денешната седница се наоѓаат законите кои се предложени по итна постапка.

Некои од овие закони произлегуваат од реформата на даночниот систем, а следствено на тоа и на новиот концепт за финансирање на јавната потрошувачка во 1994 година, што произлегува од Стабилизационата програма на Владата на РМ, а некои од нив се директна компонента на таа програма.

Од тие причини предлагаме истите да се уврстат во дневниот ред и да се донесат по итна постапка, затоа што без нивното донесување и нивното влегување од 1.01.1994 година во сила не ќе може да се реализира концепцијата на реформата која денес е на дневен ред на ова Собрание.

Од тие причини, Ве молам, во свое и во име на Владата истите да ги прифатите да бидат разгледувани и усвоени по итна постапка, затоа што целиот пакет преку нив е и кондициониран во целина да оди и да функционира од 1.о1.1994 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за предлогот на Владата овие закони да се донесат по итна постапка, да крене рака.

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

20 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија го извести Собранието дека Стабилизационата програма на Владата на Република Македонија со документацијата и изјавата за политиката на Владата на РМ да послужи како материјал само за информирање на пратениците.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница предлагам да не се дополнува предлогот на дневниот ред и да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

55 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против?

4 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

21 пратеник се воздржа од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за седницата го предлагам следниот **дневен ред:**

1. Предлог на закон за буџети;

2. Предлог на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година;

3. Предлог на буџет на Република Македонија за 1994 година;

4. Предлог на закон за извршување на буџетот на република Македонија во 1994 година;

5. Предлог на закон за акцизи;

6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги;

7. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците;

8. Предлог на закон за исплата на платите и пензиите во Република Македонија;

9. Предлог на закон за изменување на Законот за вработување;

10. Предлог на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно - трговското работење;

12. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарно - кредитната политика во 1994 година и проекција на монетарно - кредитната политика за 1994 година;

13. Предлог на одлука за девизната политика и проекција на платни биланс на Република Македонија за 1 994 година;

14. Предлог на одлука за стапката на придонесот за вработување;

15. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1.01.1994 година;

16. Предлог на одлука за стапката на придонесот од пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со поголемо траење од 1.о1 .1994 година;

17. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци и осигурениците во доброволно пензиско и инвалидско осигурување;

18. Предлог на закон за данокот од добивка;

19. Предлог на закон за персоналниот данок од доход;

20. Предлог на закон за даноците на имот;

21. Предлог на закон за Управата за јавни приходи;

22. Предлог на закон за платен промет;

23. Предлог на закон за пензиското и инвалидското осигурување;

24. Предлог на закон за работните односи;

25. Предлог на закон за продажба на деловни згради и деловни простории на Република Македонија;

26. Предлог на закон за стопанисување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија;

27. Предлог на закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја;

28. Предлог на одлука за стапување на Република Македонија во членството на Организацијата на Северно Атланскиот Пакт - НАТО ;

29. Предлог на закон за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи;

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

54 пратеници се за.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?

19 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Господинот Стефковски бараше една деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, на ваквиот начин и пристап на кој што си дозволува претседателот на Собранието да го утврдува дневниот ред мислам дека се девалвира самиот Парламент и кажува дека позицијата на позицијата е непримерна во кршењето на Деловникот на Собранието на Република Македонија;

Сите ние во решението за оваа седница како прва и ударна точка го добивме токму она што претседателот успеа со гласовите на позицијата да утврди дека тоа е само за информирање, а се работи за Стабилизационата програма. Откако работи овој Парламент, ова е за прв пат една новина и претставува еден класичен пример да се оневозможи опозицијата да си го каже својот збор в однос на предложената Стабилизациона програма, со други зборови, оваа 71- седница да добие таков тек каков сака позицијата.

Мислам дека ваквиот пристап на претседателот, а тоа му го овозможи и самиот настап и дадената информација во врска со образложението за итноста на пакетот, да ги наречам таквите закони што се предложени, вклучувајќи го и буџетот, дека еден министер ја огласува итноста , но во присуство на претседателот на Владата. Сметаме дека итноста се оправдува токму од причини кои се наведени во стабилизационата програма и од таа Стабилизациона програма фактички произлегуваат оние 12 точки редоследно кои треба заокружени

за да  оправда самата Стабилизациона програма. Оттука, сметаме дека ваквиот потег на претседателот е непримерен и од тие позиции поаѓајќи, ние ќе го користиме правото се она што мислиме да го кажеме во однос на стабилизационата програма ќе го кажеме без оглед која точка е на дневен ред. Тоа значи дека во постапката и расправата по буџетот ние ќе кажуваме дека тоа не е во доход на она што се предлага и едноставно нашата јавност да види дека навистина со овој Парламент се манипулира и да види дека ова е типичен пример дека со ваквото манипулирање се покажува стравот од опозицијата која што седи во овој парламент. Јас ви кажувам дека нема што да се плашите, работите ќе си дојдат на место. Ова е првиот дел.

Вториот дел се однесува на точката 26-Предлог на закон за стопанисување на станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката. Сметам дека оваа точка треба да се симне од дневниот ред, не и е место, од проста причина што ако 71 -та седница е закажана по потреба од итност, овој закон како и ред други закони тука немаат никаков карактер на итност, туку едноставно се настојува на еден перфиден начин имотот со кој располагаат општините и градот Скопје да се овозможи да стане државна сопственост,д а може да располага Владата, а со тоа да манипулираат со средствата кои ќе произлезат токму со овој закон, каде што имаме перфектни одлуки како да се земе имотот на граѓаните кои вложувале во сопственоста на Градот Скопје и во другите општини од Република Македонија, се работи за чист имот стекнат од општините. Со овој закон фактички се овозможува Републиката да стави рака на имотот на општините и општините ги доведува во една непримерна состојба, а законот за локална самоуправа зборува за имот на општините. Не знам кој имот, веројатно се мисли на канцелариските материјал дека тоа треба да остане имот на општината, а не она што е вложувано повеќе од 20-30 години во сопственоста на имотот на општината.

I/8.-

Оттука, сметам дека предлогот што го даде и што набрзина претседателот Андов и што ускрати можност навреме да се изврши интервенција во утврдувањето на дневниот ред и во она манипулирање ова Ви го давам за информирање, а ќе распавтаме по ова, не му служи на чест на коалицијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, го имате писмото од Владата со кое сте известени дека Владата си ја усвоила оваа програма, тоа е програма на економската политика што во својата изборна функција Владата си ја има, а овде ние расправаме- затоа и не е на дневен ред - овде ние распавтаме за оние законодавни активности и оние точки кои Собранието треба да ги усвои или одбие. Собранието може Владата да ја коригира во нејзината стабилизациона политика која овде ја презентира низ закони, со тоа што некои закони нема да ги усвои, а некои ќе ги усвои.

Дневниот ред е утврден.

Ве молам, не расправаме по дневниот ред.

Штос е однесува до точката 26, кога «' дојде на дневен ред тогаш може Собранието да се произнесе како ќе расправа понатаму.

Има збор господинот Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Истапувам деловнички, исто така во духот на она што го кажа пред малку шефот на нашата пратеничка група, од едноставна причина што сметам дека објаснувањето на господинот Андов не е задоволувачко и мислам дека, покрај тоа што тој ни даде свое објаснување, на тоа треба да ни даде и самата Влада, односно претставник на Владата свое објаснување зошто е навистина ова манипулација со денешниот дневен ред.

I/9.-

Прво, сите ние како пратеници имаме овде добиено дневен ред се надевам дека не го фалсификувал некој, на кој јасно е ставена прва точка стабилизациона програма на Владата на Република Македонија, што подразбира и една дискусија отворена околу таа Стабилизациона програма. Се согласувам дека многу елементи на таа Стабилизациона програма се вклопени во оние закони кои треба да бидат предложени денес овде, меѓутоа, сепак станува збор за тие закони во контекст на таа Стабилизациона програма и јас не гледам причина зошто за таа Стабилизациона програма не би се дискутирало денес овде. Впрочем, воопшто ми е непознат стравот ако веќе оваа Влада ја прифатила таа Стабилизациона програма, ако е сигурна за таа Стабилизациона програма и ако смета дека може успешно да ја брани таа Стабилизациона програма, зошто бега од еден дуел овде во Македонскиот Парламент околу Стабилизационата програма. Можеби некои од критиките што ќе ги дадеме на таа Стабилизациона програма ќе ги вклопи понатаму во својата политичка волја и она што може да се дополни како стабилизациона програма.

II/1 СП/НЛ

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (Продолжение)

Во таа смисла, тоа е едниот елемент што сметам, ако се работи за стабилизациона програма од која ќе зависи иднината на оваа држава, тогаш најмалку од што треба да бегаме е од една отворена дискусија на овој Парламент, тоа е првиот момент, а уште повеќе што сметам дека е карактеристично за овој Парламент е таа манипулација која се прави со сите парламентарци, со сите политички групи во македонскиот парламент.

Пред два три дена слушнавме дека за стабилизационата програма дискутирале синдикатите, дискутирала Стопанската комора, не знам на кое друго ниво се дискутирало за стабилизационата програма. Сега навистина не ми е јасна причината зошто може да дискутира Стопанската комора за стабилизационата програма, а не може македонскиот парламент да разговара за стабилизационата програма. Како што велам, најголема та манипулација е токму во дневниот ред. Еве, сите пред вас го имате дневниот ред, јасно е ставена првата точка - Стабилизационата програма на Владата на Република Македонија и сега одеднаш имаме некои нови комбинации и некои нови дневни редови кои овде се измислуваат. Навистина сметам дека ваквата манипулација е токму тоа што го девалвира овој Парламент и со сите нас како пратеници навистина прави недостојни луѓе кои треба да ги бранат своите ставови.

Во таа смисла се надевам дека сепак Владата на Република Македонија, посебно премиерот на Владата на Република Македонија ќе бидат доволно доблесни луѓе,доволно храбри луѓе да прифатат една расправа за таа стабилизациона програма, а ова сега испаѓа јас ќе ви кажам што ќе правите, а потоа бегаме од она што ни го кажувате. Тоа е

храброста, ако се понудува веќе стабилизациона програма, храброста е, доблеста е на една влада, на еден кабинет на Владата да се слушне критиката по таа стабилизација. Во спротивно навистина ќе имаме она што го нарекуваме еден класичен авторитативен режим во кој еве Владата ви кажува што ќе правиме, а опозицијата, пратениците немаат право на свое мислење. Сметам дека навистина ваквата пракса со манипулации мора еднаш за секогаш да биде прекината.

Оттука, се надевам дека премиерот како главен претставник на Кабинетот навистина ќе ја има таа храброст да ја понуди оваа точка за стабилизацијата односно информацијата како што е до сега навистина да ја стави како точка за која ќе се дискутира слободно во овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Гошев бараше да стави деловничка забелешка.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, забелешката е деловничка, меѓутоа, според ова како со претседателот на Собранието ја води или ги води седниците испаѓа дека немам право на деловничка забелешка заради тоа што....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ставете вие деловничка забелешка.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дозволете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вам ви даваат збор да ставите забелешка, ја искривувате работата и велите дека немате право, ајде повелете кажете ја забелешката.

II/3

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Еве зошто изгледа дека немам право. Заради тоа што прво, претседателот на Собранието го чита дневниот ред. Кога некој бара забелешка во врска со дневниот ред пред да биде усвоен тој вели прво гласајте за дневниот ред потоа ќе добиете збор. Откако ќе се изгласа дневниот ред со мнозинството, тогаш следи забелешката немате право повеќе за дневниот ред, бидејќи дневниот ред е изгласан. Тоа е логиката на претседателот што ја води седницата. Сега дали е логично секој нека заклучува. Но, забелешката е сепак генерална кога веќе ете има милост да се каже нешто во врска со дневниот ред.

Ние треба да расправаме за стабилизациона програма. Стабилизационата програма, филозофијата, концептот е дадена во еден општ концепт, материјал кој е приложен. Ние немаме право да расправаме за тој концепт - стабилизационен, имаме право да расправаме за оние точки со кои се имплементира директно стабилизационата програма, што исто така не е логично. Но, логично е тоа што е нелогично за овој Парламент и оваа Влада, бидејќи минатата година ние немавме економска политика за која расправаше Парламентот. Предминатата исто Две години се брани тезата дека Парламентот нема ингеренции да расправа за економската политика, дека е тоа работа на Владата. Ако е работа на Владата тогаш Владата нека ја усвојува економската политика. Но, колку е логично актите за извршување на економската политика да ги усвојува Парламентот без да расправа за економската политика како концепт тоа исто така заклучете сите вие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, точно е тоа дека јас го прочитав дневниот ред и по дневниот ред се изјаснивте, а потоа оние пратеници кои бараа да стават некоја забелешка им дадов збор, но тоа не е некој своеволен механизам

на претседателот. Господа, пред да дојдам на дневниот ред Собранието така се произнесе и ви прочитав. Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница предлагам да не се дополнува предлогот на дневниот ред и да не се поставуваат пратенички прашања. За тоа Собранието гласаше. Натаму, се што работев врз основа на изјаснувањето на Собранието работев, а јас ве молам сите што имате деловнички забелешки да го следите текот на седницата, да внимавате што Собранието одлучило пред тоа, па како мора претседателот да постапува овде. Тоа е што се однесува до првата забелешка.

Втора забелешка, јас би ги молел претставниците на Владата, сепак бидејќи беа повикани да дадат одговор или во излагањето ќе се даде одговор од претседателот на Владата, да видиме дали претседателот на Владата мисли за овие деловнички забелешки да даде објаснување

Има збор господинот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претсдателство, почитувани пратеници, да бидам искрен Владата кон оваа седница на Собранието не пристапи од некакви спортски мотиви, односно мотиви да се натпреварува со некого со повеќе или со помалку храброст и повеќе или помалку натпреварувачки дух.

За оваа седница ние пристапивме од аспект на уставната положба на Владата и уставната положба на Парламентот односно распределбата помеѓу законодавната и извршната власт.

Точно е дека на денешната седница на дневен ред е стабилизационата политика на Владата, меѓутоа, таа е во исто време и макроекономска политика на Владата за 1994 година. Точно е тоа дека

Парламент е законодавно тело и може да расправа, да дава сугестии и да усвојува или не усвојува акти од законодавен карактер кои ќе бидат инструментариум за спроведување на таа политика или односот кон тие законски документи односно закони Парламентот ќе го изгради својот однос и кон стабилизационата политика.

Чисто тргнувајќи од уставната положба на извршната власт и уставната положба на законодавната власт. Инаку, беше поставено прашањето додека ако Владата стои зад оваа програма и ако е уверена дека може да ја брани зошто не е подготвена да се соочи овде во Собранието и да оди на некој отворен дуел што значи се наведуваат некои спортски мотиви. Владата во своите ингеренции донесува многу работи зад кои стои, зад кои е свесна и подготвена да ги брани, меѓутоа, не наоѓа за сходно да мора секогаш за секое прашање да ја докажува својата храброст со дуелни во законодавното тело. Значи, само тргнувајќи од уставната положба и распределбата на законодавната и извршната власт се определивме за овој пристап.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега по повод оваа дискусија не отвораме расправа. Ние го утврдивме дневниот ред.

Има деловничка забелешка господинот Стојков, па да видиме колку е деловничка, па ако навлезете во расправа ќе ве оневозможам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, колку што ми е познато мене, а верувам дека и вам ви е познато освен оној што се јави сега кој рече дека не знае, тоа е точно, можеби не знаете вие од оваа страна, меѓутоа, на кој начин се избира Влада во ова Собрание. Врз основа на програма Сега имаме повторно стабилизациона програма на оваа влада, оваа Влада стои со целата своја одговорност зад оваа стабилизациона програма дели треба

ова Собрание односно таа коалиција која ја поддржува Владата да и даде поддршка на таа стабилизациона програма или не, јас мислам дека треба, а еве зошто. Затоа што не може да се подели одговорноста да launched речеме утре за неуспехот на таа програма. Никој не гласаше за таа програма значи виновна е и опозицијата подеднакво и позицијата а се знае ова е програма на Владата, а таа влада има поддршка во ова Собрание од тоа парламентарно мнозинство. Меѓутоа, јас лично ќе ставам забелешка, мислам дека оваа влада едноставно се плаши дека не може да собере 61 глас за да и даде поддршка на таа стабилизациона програма од сопствените коалициони партнери. Затоа е целата оваа игра односно слободно ќе кажам дека во овој случај Собранието се доведува во една незгодна положба затоа што ова ми личи, како што кажаа и други, на оние тоталитарни режими, јас ќе кажам на една таква тивка диктатура, се да се спроведе, меѓутоа одговорноста утре никој да не ја понесе. Оваа Влада ја прави таа стабилизациона програма која ќе донесе многу отпуштања од работа, социјални проблеми, меѓутоа, оваа Влада треба да добие 61 глас поддршка за оваа своја стабилизациона програма, затоа мислам дека по експозето на премиерот да се расправа дури и да се гласа за оваа стабилизациона програма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако беше поставено прашање на доверба по повод на програмата ќе можеше да се гласа со 61 глас, меѓутоа, тоа не е случај, а Владата е избрана, како што знаете,па нема потреба. Оваа не е изборна програма на Владата.

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не излегов заради храброст, туку да укажам на една недоследност во однесувањето на претседателот на Собранието и мојата интервенција се однесува токму на неговата последна реченица дека по оваа стабилизациона програма или седница експозе ќе поднесе премиерот.

Во известувањето што го добивме од Владата се вели: Ве известуваме дека Стабилизационата програма на Владата со документацијата и изјавата за политиката на Владата што ви се доставени за 71-та седница се материјали само за информирање на пратениците а дека во рамките на оваа точка претседателот на Владата ќе поднесе експозе.

Бидејќи ова Собрание таа точка ја симна од дневен ред ме интересира по која основа и по која точка сега експозе ќе поднесе премиерот. Еве зошто.

Итноста за седницата ја образложи господинот Беќир Жута, не знам што е во Владата повеќе, меѓутоа, со тоа се исцрпи излагањето н Владата за свикувањето и образложувањето за итноста на оваа седница Сега не ми е јасно по која точка премиерот ќе поднесе експозе кога прва наредна точка е законот за буџет. Барам претседателот да се придржува на усвоениот дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе го ислушате експозето и точно ќе видите за кои точки се однесува, се држиме за дневниот ред, а тоа што не ви е јасно, се разбира има нешто што не ви е јасно, има време да ви стане јасно.

Има збор господинот Стефковски, пак деловничка забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас му благодарам на господинот Андовски, бидејќи си дозволи да ми рече Стефков. Јас оној пат го опоменав дека сум Стефковски, а сега си земам за право да ве викам Андовски, или Андовиќ, како ќе најдам за сходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што имате да кажете, кажете ако не седнете си и инаку немате што да кажете, очигледно.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Излегов на говорницата и ред е да научите три години еве веќе четврта кој пратеник како се презива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ред е вие да знаете зошто се оди на говорница, затоа за што сте добиле збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Но, друг пат правилно ќе ги кажуваш презимињата на пратениците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам кажете што имате да кажете.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не брзај, полека. Излегов на говорница за да укажам на една нелогичност која провејува овде. Стабилизационата програма на Владата се реализира токму преку актите кои треба да ги усвои овој Парламент. Оттука, произлегува дека Парламентот ќе носи акти со кои

фактички ќе одобрува една програма, а не знае што фактички. Оттука, за да бидеме сериозни и за да ја надминеме оваа ситуација во Парламентот пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара пауза од 30 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пауза ќе дадеме, меѓутоа, нема никаква основа приговорот. Програмата ви е дадена на увид, зад таа програма стојат програмите на партиите што имаат пратенички групи кои ја поддржуваат

Владата и од аспект на програмски приод нема никаков приговор за тоа.

Давам пауза од 30 минути.

(Седницата прекина со работа во 15,50 часот)

III/1.-ДВ/МЛ

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,35 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Господинот Горѓиевски бара збор, има пак некоја напомена од деловнички карактер.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Сакам повторно да го изнесам ставот на пратеничката група заземен и на паузата, дека нашата пратеничка група е крајно револтирана од односот на кој се води оваа седница и уште еднаш ја упатува желбата до македонската Влада да се врати на она што ни е предложено на сите нас овде по легален пат во Парламентот, а тоа е да ја прифати расправата за оваа стабилизациона програма.

Причините за тоа се двојни. Прво, едноставно, правни, деловнички што се по Деловникот на ова Собрание и второ, тоа се од чисто политичка природа.

Кои се правно - деловничките?

Прво господинот Цветковски, премиерот на Владата сакаше да ни ја објасни функцијата на Парламентот, функцијата на Владата. Јас во таа смисла ќе го потсетам само на неколку работи:

Тој неодамна во една од дискусиите, односно разговорите, не се сеќавам точно дали беше во Сојузот на синдикатот или на разговорите со Стопанската комора, каде даде една изјава дека оваа програма не треба да се смета како програма на една партија, не треба да се смета програма, ми се чини, на една Влада, треба да се смета како програма на сите. На Стопанската комора, на Синдикатот, не само на позицијата, туку и на опозицијата и на сите политички и економски структури кои егзистираат во Република Македонија.

III/2.-

Сега го поставувам прашањето како може тоа да биде програма на сите кои беа наведени во таа изјава, кога гледаме дека опозицијата на пример во македонскиот Парламент ниту сака некој да го слушне нивното мислење, ниту сака да ги прифати нејзините забелешки, а од друга страна се бара одговорност за истата таа програма.

Втор момент. Забелешка, односно обележје е на сите економски програми кои досега се донесувале и во нашата Република, тука ќе го спомнам случајот на претходната програма на Никола Кљусев. Иако знаеме дека зад неговата програма не стоеше ниту една партија сепак тој ја понуди за гласање како стабилизациона програма, па и во сите други држави каде што се спроведувале вака сериозни стабилизациони и економски мерки, се барало навистина едно национално единство и пред се усвојување на таа програма преку расправа во Парламентот. Најкарактеристичен пример е стабилизационата програма во Израел, да не зборуваме за стабилизационите програми кои се донесуваат во Латинска Америка. Значи се бега од една расправа од една дискусија, а се презема целата одговорност само од едната страна, меѓутоа без назначување на конкретната одговорност.

Понатаму, целата девалвација има уште едно поголемо ниво. Кое? Ние имавме можности, како што реков пред малку, минатата недела да имаме шанса да слушаме расправа по оваа програма во Синдикатот на Република Македонија и во Стопанската комора на Република Македонија. Навистина до ден денес ние не можеме да најдеме логично објаснување зошто во тие две институции каде што треба да се разгледува, без сомнение таа програма се разгледува, а овде каде што е највисоко тело на Република Македонија, каде би можело да се разгледува таква програма и е потребно, се одбегнува нејзино разгледување. А да не го спомнувам само елементот, дека, за жал, некои директори на повластени стопански фирми во Република Македонија ја

добија комплетно целата економска програма, односно стабилизациона програма пред да го добијат тоа пратениците во македонскиот Парламент.

Конечно доаѓаме пак до она што, за жал, претседателот не сака, односно бега да ни го одговори.

Пратеникот Тодор Петров постави едно прашање многу деловнички. Јас не би сакал да поминеме едноставно преку тоа прашање. Тој го постави прашањето по која точка на дневниот ред претседателот односно премиерот на Владата ќе поднесе свое експозе. Одговорот на претседателот на Собранието беше "сега ќе видите, сега ќе слушнете". Јас не можам да го прифатам ваквиот одговор и навистина бараме крајно деловнички одговорен одговор по која точка од дневниот ред ќе биде поднесено експозето на премиерот на македонската Влада. Тоа произлегува од две причини.

Прво, пак ќе го повторам моментот дека оваа седница и си- те пратеници во македонскиот Парламент се известени со покана за дневен ред на македонското Собрание каде што првата* точка е многу јасно дефинирана - Стабилизациона програма на Владата на Република Македонија, заедно со документацијата и изјавата за политиката на Владата на Република Македонија. Сега одеднаш се поставува прашањето по кое барање се симнува оваа точка и едноставно се внесува експозе во некаква апстрактна точка. До толку повеќе што во таа правна деловничка смисла имаме и уште еден документ. Тоа е потпишано од господинот Бранко Црвенковски, претседател на македонската Влада, а кој документ е испратен до претседателот на Собранието на Република Македонија каде децидно стои: "Ве известувам дека стабилизационата програма на Владата на Република Македонија со документацијата и изјавата за политиката на Владата на Република Македонија што ви се доставени за 71-та седница на Собранието на Република Македонија со писмо број тој и тој од 14

декември 1993 година, се материјали само за информирање на пратениците, а дека во рамките на оваа точка... значи и овде децидно стои дека во рамките на оваа точка претседателот на Владата Бранко Црвенковски ќе поднесе експозе. Повторно го поставувам прашањето, во рамките на која точка. Тоа е документ потпишан од премиерот на нашата Влада господинот Бранко Црвенковски. Во таа смисла навистина ја повикувам Владата и претседателот на Собранието да бидат до крај одговорни и пред документите кои ги потпишале и пред врската која стои пред нив. Само ќе потсетам на еден елемент за кој сметам дека не ме лаже памтењето. Имено, кога во Македонија доаѓаше претседателот, односно еден од директорите на ММФ, тоа беше господинот Томсон, јасно изјави дека тие бараат потврда, односно прифаќање на нивната програма преку македонскиот Парламент. За тоа неколку дена се зборуваше и во македонските средства за јавно информирање. Сега од каде од еднаш нема потреба за прифаќање на оваа програма како стабилизациона програма во рамките на македонскиот Парламент. Тоа е оној деловнички дел кој сметам дека еве овде неколку минути, односно повеќе од половина час сака да се блокира, односно повторно улогата на Парламентот во донесувањето на вакви крупни одлуки сака да се блокира. Зошто ни е потребно сето тоа? Потребно ни е затоа што сметаме дека опозицијата има свое мислење по оваа стабилизациона програма и дека никој тоа мислење не може да го ускрати да го каже. До толку повеќе што сметаме дека тоа пак ќе биде една бламажа пред целата македонска јавност.

Се нуди една стабилизациона програма во која се вели дека ќе се отпуштат некаде околу 15 илјади вработени. Се нуди стабилизациона програма во која се вели дека производството ќе падне 15%. Се нуди една стабилизациона програма во која се вели дека земјоделското производство на одделни производи ќе падне за 20% и на крајот не

ставаат сите нас во една клопка да ја поддржиме ваквата стабилизациона програма и да одиме во една неизвесност зад која треба да застанеме сите како граѓани на Република Македонија. Навистина јас не ја гледам причината зошто македонската Влада треба да бега од оваа точка и навистина се надевам дека според нејзините изјави, ако и оваа програма била подготвувана веќе подолго време, тогаш на- вистина нема потреба од бегање од оваа точка на денешната расправа на македонскиот Парламент и се надевам дека таквите манипулации со македонскиот Парламент конечно еднаш за секогаш ќе престанат во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам нема никакви манипулации. Парламентот си ги донесува сам своите одлуки и никој место него не може да донесува одлуки. Сите инсистирања на мала врата да се издејствува нешто што не е во согласност со Деловникот не може.

Јас објаснив, писмото од Владата точно кажува што е функцијата на програмата. Таа е само за информирање, не е овде за рас- права. Тоа е нејзина програма. Не е програма на Собранието, туку на Владата заради тоа што во Собранието постои и опозиција која си има своја програма, веројатно и не може никогаш да застане зад програмата на Владата. Опозицијата си има своја програма, а Владата си има своја.

Сега, бидејќи оваа деловничка забелешка, покрај сите мои објаснувања, три пати е повторена, јас ја давам на изјаснување.

Дали деловничката забелешка по членот 105 што е дадена од страна на четворица или пет пратеници, се усвојува.

Кој е за, молам да крене рака?

III/6.-

Госпоѓицата Доста Димовска има уште една деловничка забелешка.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, вашиот обид за манипулација е очигледен на целата македонска јавност, не само на опозицијата.

Да ве потсетам дека во овој Парламент на барање на претседателот на Републиката или на барање на премиер на Влада давани се информации по разни прашања. Тоа истото се однесува и на информацијата што сега бара да ја даде премиерот на македонскиот Парламент, а таа информација се однесува за стабилизационата програма. Не можете вие, немате деловничко право ниту уставно право како пратеници да ни ускратите расправа по таа информација. Ние имаме право да го кажеме своето мислење.

Барам да се гласа по барањето да дискутираме по информацијата на премиерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па тоа го предложив, да се гласа. Тоа ви е деловничката забелешка. Ако не ви било јасно, тогаш не сте ја јасно формулирале.

Кој е за деловничката забелешка, нека крене рака?

Нова деловничка забелешка има господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ако некој нешто предлага да се гласа треба да го формулира. Очигледно дека претседателот на Собранието не може да формулира предлог за гласање, а јас не мислам ни да му помагам. Едноставно сакаме да излеземе од оваа ситуација во која се најдовме.

III/7.-

Некој убедува овде дека тоа е програма на Владата на Република Македонија. Таа програма на Владата на Република Македонија претставува обичен текст, на лист хартија до колку не се потврди и реализира токму со законите кои се предмет на усвојување на оваа 71-ва седница. Тоа значи дека овие закони фактички ние ако ги изгласаме како што ги предложила Владата ние сме исто така учесници во нејзината програма. Тоа е потврда на програмата. Според тоа зошто да не се отвори расправа по таа програма, бидејќи сите показа- тели од кои во македонската јавност ќе се види стварноста и што и нуди оваа Влада. Со ова навистина македонскиот народ ќе биде попречен да ја дознае вистината. Оттука сите наши заложби се стабилизационата програма да биде ставена на дневен ред и тоа не повторно како што мисли претседателот кој е сега за предлогот на опозицијата. Заради деловничките определби точката - Стабилизационата програма треба да биде прва точка на дневниот ред на денешната седница. Ништо нема да му биде тешко на претседателот да најде и смогне сили ова да биде вака, во духот на тоа што јас го предложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, Собранието се изјасни и го утврди дневниот ред. Меѓутоа по повод утврдувањето на дневниот ред дојдоа неколку четири, пет,шест или колку беа деловнички забелешки кои сите се сведуваат на тоа дека се предлага дневниот ред да не биде како што го утврди Собранието, туку да се измени и прва точка да биде рас- права по Стабилизационата програма на Владата.

Тој предлог, таа деловничка забелешка ја давам на изјаснување.

Кој е за тоа таа да се стави на гласање, нека крене рака?

Има уште една забелешка деловничка, господинот Ацо Спировски.

III/8.-

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Лично сметам дека одиме во процедурална грешка. Не може вака дефинирано и поставено прашање да се дава на изјаснување. Се работи за мошне важен сегмент за животот на секој граѓанин на оваа Република. Недопусливо е да нема расправа по оваа стабилизациона програма.

Кога доаѓаше оваа Влада, кога се рушеше претходната Влада истата оваа Влада понуди своја програма. Дајте да видиме до овој период што направи оваа Влада, колку потроши и како потроши и што сега нуди. Многу ни е јасно дека треба да се донесе нова стабилизациона програма. Немојте да мислите дека нема потреба Републиката од носење на нова стабилизациона програма. Меѓутоа, морате да допуштите расправа, да видиме до каде сме стигнале и што понатаму треба да направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само јас ве молам, ние не можеме на друг начин да утврдиме дали за нешто ќе се расправа или не освен да гласаме за тоа. На што мислите, како да го утврдиме тоа прашање.

Господинот Мицевски има пак некоја забелешка.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство.

Во саботата кога си отидовме од овде го најдов овој дневен ред (го покажува дневниот ред). Вели: - Владата на Република Македонија го моли Собранието на Република Македонија да го усвои овој дневен ред за оваа седница. Никако друга точка. Потпис, претседател Бранко Црвенковски. Сега зошто сме ја изоставиле оваа точка од дневниот ред. Гледате ли какви маничулации се прават. Ова е детинска работа. Ако ми

фали нешто, дај ќе го скријам. Не треба  вака да се работи. Кога го предлагате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е работата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Треба по овој дневен ред да работиме. Еве јас го одбележав овој дневен ред што го предлага Владата, со вашиот предлог пот- полно се согласува и нема друга точка што ние да менуваме овде. Затоа не треба оваа точка да се исфрла од дневниот ред. Оној што се плати бега од вистината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме. Не е доволно било кој пратеник да го од- бележи тоа што го прочитал. Видете, како? се утврдува дневен ред. Прво доаѓа предлог од некој предлагач. Него го вклучуваме во решението што го издава претседателот. Сето тоа доаѓа овде. Предлагачот може секоја точка да ја промени додека не се утврди овде. Предлагачот може и откога ќе се утврди да ја повлече. Не еднаш тоа го сторил. Според тоа Владата не предлага програмата да биде точка на дневен ред и да се расправа за неа. Но, еве предлагаат тука пратеници. Сега бидејќи Владата не предлага точка на дневен ред, го слушнавте и претседателот на Владата овде, кажа, а предлагаат пратениците, пет - шест пратеници.

Го ставам овој предлог на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Кој е за молам нека крене рака? (29 пратеници гласаа за)

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Продолжуваме со работа.

Експозе по стабилизационата програма и по пакетот на мерки ќе поднесе претседателот на Владата на РМ господин Бранко Црвенковски.

Има збор господин Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ова е прва седница на Собранието на РМ по серијата меѓународни признавања или поточно речено воспоставување на дипломатски односи со нашата држава и затоа ја користам оваа прилика на сите Вас, но и на сите граѓани на Република Македонија да ви го честитам големиот успех.

(аплауз)

Тоа е резултат на политиката која беше креирана, надоградувана токму во овој Парламент, а што беше одраз и на волјата и стремежите на Македонскиот народ на сите националности и на сите граѓани на РМ.

Проектот на меѓународното признавање на нашата држава и нејзиното интегрираше во светската заедница беше со највисок приоритет во изминатиов период. Мотивите за таквиот пристап беа и историски и политички, но она што е посебно важно а за што треба да одлучуваме токму ан оваа седница и економски.

Сосема ни беше јасно дека без заокружен меѓународно правен статус, без наше присуство во меѓународните организации, без можност за комуницирање со светските финансиски институции, со постојано

присутната дилема дали за постоењето и опстојувањето на македонската држава ќе застане и Европа и светот или повторно ќе стапат на сцена разно- разни комбинации за иднината на Македонија не постои амбиент ниту се исполнети сите неопходни предуслови за вистинска демократија, а уште помалку за целосни реформи на економскиот систем и преминот кон пазарна економија.

За да биде ситуацијата уште посложена, цело време беше присутна и обратната релација. Имено, без разлика на постоењето во еден подолг временски период на политичка и економска изолација на нашата држава, токму демократизацијата на општеството и јасните определби и потези за напушта&е на темелите на претходниот економ- ски систем и спроведување на економски реформи беа главните пунктови каде што тестирана, проверувана зрелоста и на нашата држава и целисходноста за нејзина поддршка и меѓународно признавање.

Тешко дека низ историјата ќе можете да најдете сличен пример кога една држава во релативно краток временски период од две-три години ќе се соочи во исто време со такви предизвици и искушенија какви што се политичко признавање на меѓународен план, економско и финансиско интегрирање со светот, демократизација на политичкиот систем т.е. изградба на сосема нов правен поредок,и економски реформи и премин кон пазарна економија и сето тоа во услови на воени конфликти во непосредното опкружување, распад и губење на традиционалниот пазар за кој е создавано нејзиното сто- панство, транспортна изолација на нејзините граници.

Кризата на македонската економија е евидентна низа години наназад. Се разбира, во претходните години таа се манифестираше како дел, сегмент од економската криза на поранешната Југословенска заедница. Таа е евидентна и видлива по сите економски параметри и показатели и во поодделни години во поизразен обем, во други во

релативно помал, но секогаш и без исклучок со негативен тренд.

Кои се причините за таквата состојба?

Тие се бројни и различни, комплексни и неподатливи за целосно елаборирање во неколку минутно говорење. Јас би ги поделил во две главни групи: универзални и специфични.

Универзалните причини се скоро идентични за целиот поранешен социјалистички свет од Русија до Куба. Доминантата државна, кај нас општествена сопственост, политичкото управување со економските процеси, идеолошката, а не економската мотивација и се друго што ни е добро познато, создадоа економски системи кои, најпросто речено ја изгубија трката со пазарните економии на пазарниот свет.

Сите обиди за промени и корекции што се движеа во истите однапред зададени рамки, завршуваа неуспешно. Економиите на овие држави едноставно речено се јадеа самите себе си. Денес е,апсолутно без исклучок, кај сите овие држави, прифатено сознанието дека се нужни радикални реформи, зафати што треба да создадат предуслови за вистинска пазарна економија.

Во тој процес на преминување или, да го употребам изразот што кај нас најчесто се користи, на транзиција од еден систем кон друг се наоѓаат сите бивши социјалистички држави. Се разбира, некои во поодмината а некои во почетна фаза. И, секаде, тоа е придружено со силни потреси, ломови, социјални тензии, огромни тешкотии. Реформите имаат своја цена која мора да се плати, порано или подоцна.

Република Македонија не е никаков исклучок. Напротив и таа се соочува со истите тешкотии што се неминовни кога се напушта еден, а создава друг, нов, економски и политички систем.

IV/4

Она што е специфично за нашата држава е што овие промени треба да ги реализира во амбиент и услови многу понеповолни од амбиентот во кои се наоѓаат другите држави. Нам, таа задача ни се совпаѓа со процесот на меѓународното признавање и заокружување на државноста. Нам тој процес ни се совпаѓа со периодот на распадот на единствениот југословенски пазар и со спроведувањето на санкциите спрема Србија и Црна Гора на губење на босанско - херцеговачкиот пазар, на постојани политички и економски притисоци од страна на јужниот сосед.

Со децении наназад македонското стопанство се градеше според искажаните потреби на територијата на цела бивша Југославија, од Љубљана до Гевгелија со 22 милиони потрошувачи. Големи индустриски капацитети се проектирани врз енергетски ресурси надвор од Македонија, на пример Железарница, Фени, Југохром и др. Од вкупната надворешна размена на РМ пред распадот на СФРЈ преку 60% беше токму со Србија и Црна Гора. Со децении наназад целокупната инфраструктура е создавана на правецот север - југ. На тој правец имаме железница, имаме автопат, на тој правец до скоро беа нашите единствени телекомуникациони врски, со тие држави ни се поврзани електро - енергетските системи.

Вкупните проценети штети заради воведените санкции ЈВО 1993 и 1994 година се преку 3 милијарди долари. Сосема е јасно дека многу работи би биле поинакви и многу поповолен амбиент за спроведување на реформските зафати би имале кога барем половината од наведената сума би се свртела врз финансиските текови на нашето стопанство.

Република Македонија не ја предизвика војната во Босна и Херцеговина, уште помалку може да ја запре. Ние не ги воведовме санкциите спрема Србија и Црна Гора, ниту пак можеме да ги симнеме. Се разбира, може да го поставиме прашањето дали е праведно една држава која ама баш со ништо не до примена за разгорување на воените

конфликти, да мора да поднесува таква- тешка економска жртва, постојано да инсистираме на компензации на претрпените постојано штети (што и го правиме),/да бараме дозволи за транзит (во Комитетот за санкции во Њујорк има неколку стотини такви нереализирани барања) и тука некаде завршува реалната моќ на Република Македонија за влијание на меѓународната заедница.

Оттука, и Стабилизационата програма на Владата што денес ви ја презентираме, е проектирана врз претпоставката дека санкциите ќе останат на сила и во текот на 1994 година, или со други зборови, тргаме од песимистичките предвидувања дека сите негативни влијанија што произлегуваат од ембаргото врз СР Југославија ќе бидат присутни и во наредната година. Затоа и предвидувањето дека во наредната година ќе имаме понатамошен пад на општествениот производ од 8%, од 8% а не од 15% како што беше пред малку кажано, од што заклучувам дека и не е прочитана Стабилизационата програма.

Секоја промена околу режимот на санкциите, евентуално нивното симнување и создавање можности за непречена економска соработка, или барем создавање на можност за транзитирање и намалување на транспортните трошоци, би значело голем плус, големо подобрување на условите за реализација на оваа Програма.

Во периодот додека заедно со мисиите на ММФ и Светската Банка работевме на оваа Програма, често пати имав прилика да го слушнам размислувањето околу тоа, дали е одбран вистинскиот момент за овие потези.

Размислувања за тоа дека мерките што се предлагаат се во ред, тие се неопходни, но дали можеби не треба да се почека, да се создадат подобри услови, на пример, да се причека симнувањето на санкциите, па во еден таков, попријатен амбиент, да се зафатиме со оваа крупна и

неопходна задача. Бидејќи не е исклучена можноста такви искажувања да се повторат и на денешнава седница, би сакал тоа прашање да го расветлиме на самиот почеток.

Тоа би значело прифаќање на едно пасивно сценарио, би значело да се согласиме со продлабочување на економската криза и да бидеме во исчекување на нешто. што не знаеме дали, и кога ќе се случи. Сите досегашни искуства покажуваат дека пролонгирањето не само што не води и не водеше кон подобри времиња, туку напротив, секој следен обид треба да се направи во уште полоши услови, со уште поголеми откажувања и уште повисока цена.

Ќе се послужам со примерот преку кој во еден разговор, еден од членовите на Мисијата се обиде сликовито да го прикаже неговото гледање на приликите во македонското стопанство и економија.

Неговите зборови беа: "Господине Претседателе, Вашата економија е болна, слично како кај човек заболен од рак. Единствен начин да се спаси животот на тој човек е хируршка интервенција. Секое одлагање на операцијата го зголемува ризикот за нејзина успешност. По извесно време, во еден момент, било каква интервенција станува излишна".

Се разбира, сосема логично, може да се постави и спротивното прашање. Ако е тоа така, тогаш зошто Владата на Република Македонија (мислам на оваа актуелна Влада) и покрај тоа што е избрана пред повеќе од година дена, не излезе порано со ваков пакет на мерки компонирани во конзистентна Стабилизациона програма? тогаш

Зошто тогаш толку се чекаше?

За да одговорам на ова прашање ќе ве потсетам на констатацијата често пати изрекувана, верувам за никого дискутабилна. А тоа е дека ниту една стабилизација и отпочнување на реформи не успеале без

соодветна финансиска поддршка. Во- услови на економска истоштеност, ние таа финансиска инекција на домашен терен не можеме да ја обезбедиме, односно упатени сме на поддршка од надвор.

Во услови на политичка, економска и финансиска изолација,обид за стабилизација и спроведување на реформи би бил идентичен на создавање "перпетумобиле". Оттука и некои обиди за прозивка на Владата што имавме прилика да ги слушнеме дека без разлика дали сме членки на 00Н, на ММФ и СБ, на ЕБ, треба потпирајќи се исклучиво на сопствени сили да ги радикализираме реформите, по многу нешто потсетуваат на пароли што имавме прилики да ги чуеме во соседна Србија, негде на почетокот на воведувањето на санкциите дека без разлика на изолацијата ќе се спроведуваат политички и економски реформи, и уште повеќе, дека санкциите ќе придонесат да живне производството, да дојдат до израз домашните производни потенцијали кои дотогаш биле изложени на нелојалната конкуренција од странство. Епилогот на сите добро ни е познат.

Оттука и Владата уште на самиот почеток се определи за мерки кои ќе создадат релативна рамнотежа, ќе ја држат инфлацијата во толерантни рамки (да ве потсетам дека нејзиното ниво оваа година ќе изнесува околу 230% наспроти ланските 1.900),се опре [дели за гасење на одредени жаришта што можеа да доведат до посериозни нарушувања и постепено прилагодување на економскиот систем и законската регулатива за она што не очекува, а тоа е оваа Програма што,еве денес,ја имаме пред себе.

Во рамките на тоа, се спроведе реформа на девизниот систем, зацврстување на позицијата на Народна банка, намалување на учеството на примарната емисија во селективните кредити од претходните 60% на 40%, пакетот закони од сферата на надворешно –

трговско работење и странски инвестиции, се донесоа закони од сферата на царинскиот систем, се донесе Законот за приватизација^ и друго.

Неопходните предуслови за пристапување кон изработка на една целовита, конзистентна програма која би се потпирала врз меѓународните искуства т.е. кога би била меѓународно стручно верифицирана но и финансиски поддржана, се создадоа дури после зачленувањето на Република Македонија во меѓународните финансиски институции, тука се работи, пред се, мислам на ММФ, СБ и ЕБ, како и приемот на нашата држава во 00Н.

Да ве потсетам, тоа се случи пролетта оваа година. Веднаш потоа отпочнаа преговорите со мисиите на ММФ за потпишување на СТЕНБАЈ. аранжман и со СБ за изработка на програми за преструктуирање. на стопанството.

Низ процесот на преговори успеавме да издејствуваме во случајот на Република Македонија од страна на Фондот/биде применет т.н. СТФ аранжман кој дотогаш беше применет само кон Русија, чии карактеристики се помеките критериуми и има за задача подготовка на државата за СТЕНБАЈ аранжманот.

Во релациите со двете институции како е-ен од најсериозните проблеми се постави прашањето на старите, а пристигнати за наплата долгови на државата кон преференцијалните кредитори, а посебно кон СБ, кои заклучно со крајот на 1993 година изнесуваат преку 137 милиони долари.

И во оваа прилика би сакал да потенцирам дека светската банка за обнова и развој е финансиска институција кај која нема простување на долгови нема откуп на долгови по пониски цени, нема репрограмирање на долговите и нема никакви нови аранжмани до колку не се подмират старите обврски.

Оттука, заедно со претставници на овие институции и " со Холандија која е претставник на нашата коституенса во Фондот, отпочнавме заедничка активност за правење на финансиската конструкција за враќање на нашиот долг. Можни беа и се три извори на средства донации, кредити за премостување и учество од нашите девизни резерви. Се разбира, нашето тежнение е делот на донација да биде што е можно поголем, а делот на учество на нашите девизни резерви што е можно помал. За таа цел, анимиравме поголем број на држави - потенцијални донатори. Таа активност се уште трае, а исходот ќе биде познат до крајот на годината.

Што содржи договорениот финансиски пакет со меѓународните финансиски институции:

1) Светската банка одобрува кредит за економска обнова во износ од 80 милиони долари кои ќе биде оперативен кон крајот на јануари 1994 година. 40% од тој кредит односно 32 милиони до- лари се прифаќа да се оправдува ретроактивно со веќе извршен увоз, што значи дека средствата веднаш ќе се дозначат, додека остатокот би можел да се реализира со определена динамика до април 1994 година.

2) Кон крајот на јуни со Банката ќе се преговара и се очекува да се одобри т.н. заем за структурно прилагодување на стопанството и банките во износ од 60 милиони долари, од кои се очекува до крајот на годината би можеле да се повлечат околу 40 милиони долари, а 20 милиони долари би се пренеле за 1995 година.

3) Од ММФ, врз основа на договорениот СТФ аранжман кој треба во текот на јануари да биде одобрен од страна на Бордот, ќе се добијат 35 милиони долари. Со самото потпишување на аранжманот, ќе се одобрат половината од предвидените средства односно 17,5 милиони долари, а останатиот дел од средствата ќе пристигне во второто полугодие од наредната година со потпишување на наредниот аранжман со ММФ (по тој основ може да се очекуваат и дополнителни средства).

V/1. ЈМ/ЉР-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

4) Со Европската банка за обнова и развој непосредно претстои потпишување на соодветен заем за електростопанството, а со другите предвидени проекти во областа на телекомуникациите, аеродромскиот сообраќај, банкарството и друго, се очекува прилив на средства на оваа институција од околу 40 милиони долари.

Со целокупните овие средства, од кои значаен дел се всушност платно –б илансна и фискална поддршка на Републиката, се очекува да се обезбеди измирување на заостанатите неизмирени обврски кон странство и оспособување за натамошно сервисирање, како и нето девизен прилив од околу 40 милиони долари плус средствата од донациите.

Врз основа на поддршката и аранжманите со некои од овие меѓународни институции во наредната година се очекува да започнат и преговорите со Парискиот Клуб и со комерцијалните банки, од- кои очекуваме дека ќе доведат до натамошно олеснување на задолженоста на земјата со соодветно репрограмирање и отпишување на определени обврски.

Пред некој ден имав прилика да го слушнам и следново прашање: каква е таа финансиска поддршка кога еден дел ќе биде искористен за подмирување на нашите стари долгови.

Постои многу рационален одговор:

1. Со оваа Програма ние дел од нашиот долг намалуваме, а дел долгорочно репрограмираме.

Без оваа Програма тој долг останува дополнителен камен околу нашиот врат и се додека не го подмириме, не можеме да сметаме на

никакви дополнителни кредитни линии."

2. Без да ги уредиме односите со ММФ и СБ не постојат апсолутно никакви шанси за трансфер од било кои комерцијални кредитори, па ако сакате и позначајни странски инвеститори. Едноставно, државите зад кои не стојат овие две финансиски институции, се сметаат за високо ризични било за кредитирање, било за инвестирање.

А сега, дозволете ми, да се задржам во кратки црти на самата Стабилизациона програма и мерките што таа ги содржи, се разбира водејќи сметка за фактот дека таа ви е во целост доста- вена и дека имавте можност да ја прочитате и проучите.

Главни цели на оваа Програма се:

1) Елиминирање на опасноста од хиперинфлација како неопходен предуслов за успешни структурни реформи; за реализирање на антиинфлаторниот карактер на Програмата се определуваме за насочување на монетарната политика од секторска поддршка на контрола -на инфлацијата, воспоставување на контрола во сферата на личната потрошувачка преку стриктно применување на Закон за контрола на платите и донесување на пакет на фискални мерки насочен намалување на определени законски права кои станаа неодржливи поради наглото намалување на стопанските активности.

Целта на оваа Програма е врз основа на ваквите мерки, да се намали месечната инфлација во почеток на 1994 година под 10%, во средината на годината на околу 5% и околу 3% кон крајот на 1994 година, што би значело годишна инфлација од 70%.

2) Создавање цврста основа за траен пораст на општествениот производ и на производството преку значително намалување на

V/3.-

инфлацијата и со реализација на обемна програма на струк- турни реформи. При ова, посебен акцент ќе се стави на приватизацијата (претпријатијата, деловниот простор и станбениот фонд) , на санација на банкарскиот сектор и на системски промени, со цел да се подобри способноста на субјектите за применуваше на оваа стабилизациона политика.

Кои ќе бидат основните карактеристики на монетарната политика во 1994 година

1. Монетарната политика ќе биде насочена кон редуцирање на агрегатната побарувачка, односно преку управуваше со ликвидноста на стопанството ќе влијае на урамнотежување со понудата.

2. За реализација на Стабилизационата програма, неопходна е рестриктивна монетарна политика преку која ќе се постигне амбициозната инфлациона цел, со поместување на фокусот од секторската поддршка кон контрола на инфлацијата. Монетарната политика ќе се спроведува во контекст на флексибилен режим на девизниот курс. Имајќи предвид дека не се очекува значително подобрување на побарувачката на пари пред средината на 1994 година, паричнатг маса (М-3) денарскиот дел се проектира за првата половина на 1994 година да се зголеми за 29%, и за целата година за 81%. Зголемувањето на резервните пари, што ќе биде првенствена преодна цел на монетарната политика, ќе биде ограничена на 17% за време на првиот квартал, и на 12% за време на вториот квартал од 1994 година.

3. Во последното тромесечие на 1993 година Народната банка значително ги намали новите реесколтирања на земјоделските кредити

на комерцијалните банки. Се планира ваквото реесконтирање да се ограничи на 140 милиони денари во првото тримесечие на 1994 година, а по 31 март 1994 година целосно да се укине ново реесконтирање, односно Народната банка на Македонија повеќе нема да обезбедува селективни кредити од било каков вид.

4. Укинувањето на селективните кредити е проследено со воведувањето на постапки и инструменти за пазарна алокација на кредитите и благајничките записи на НБМ. Меѓутоа, само пазарните каматни стапки нема да обезбедат ефикасна алокација на кредитите, бидејќи во моментов одлучувањето на банките е попречено поради високото ниво на лоша актива, и поради тоа што слабата финансиска дисциплина ги прави претпријатијата да не се чувствителни на каматните стапки.

Заради тоа, ќе се наметнат максимални лимити како во пристапот на поединечните банки до кредити на Народната банка, така и на пласманите на кредитите на секоја банка поединечно. Зголемувањето на денарските кредити по банки ќе се ограничи на 16% во првиот квартал и 12% во вториот квартал од 1994 година.

5. Откако аукцијата на кредитите на Народната банка на Македонија ќе стане целосно ефикасна, есконтната стапка на Народната банка ќе се утврдува во согласност со каматната стапка одредена на аукцијата. Во меѓувреме, месечната есконтна стапка ќе се одредува на реално позитивно ниво врз остварената инфлација од последните два месеца во која ќе биде вклучена 5% реална компонента.

6. Каматните стапки на комерцијалните банки (активни и пасивни) ќе се формираат на реално позитивно ниво врз основа на стапката на инфлација и во корелација со есконтната стапка на Народната банка на

Македонија. Здружението на банките и осигурителните организации при Стопанската комора на Македонија ќе подготви единствена методологија за утврдување на каматните стапки на комерцијалните банки.

Основни карактеристики во сферата на платите

Во 1993 година масата на плати се движи надвор од утврдените рамки на агрегатната понуда. Во повеќегодишниот остар реален пад на платите (во периодот од 1990 до 1993 за преку 40%) тие во 1993 година ќе забележат реален пораст од околу 26%. Порастот на платите во значителен дел се сервисира со ценовно прилагодување, со кредитно задолжуван»е и со претварање на реалниот имот на претпријатијата во финансиска маса на плати.

Неконтролираниот пораст на платите доведе до зголемување на бројот на неликвидни и несолвентни претпријатија. Со цел да и се даде поддршка на монетарната политика и да се прекине спиралата плати - цени, се предлага Закон со кој ќе се обезбеди контрола врз движењето на платите.

Досега неевидентираните финансиски и натурални тран- сфери во личната потрошувачка кај претпријатијата, во значајна мера ја искривуваат сликата за нивото на платите и за вкупната потрошувачка и може да ја релативизираат рестриктивноста на политиката во оваа сфера. Затоа, овој Закон предвидува лимит^ за надоместоците и за плаќањето во натура.

Тој ќе се применува само за вработените во| претријатијата со општествен капитал.

Ова, исто така, предизвика полемика' од типот - зошто се фаворизираат приватните во однос на општествените претпријатија, па дозволете ми во кратки црти да појаснам за што се работи:

1. Во сферата на приватниот сектор постои генерална карактеристика на потценети плати, најверојатно да се избегне плаќањето на придонесите, така што ограничувањето на платите во оваа сфера е крајно непродуктивно. Напротив, треба да се создадат предуслови за раст на платите во приватниот сектор, со што и плаќањето на давачките би било посоодветно на учеството на приватниот сектор во вкупниот општествен производ.

2. Опфаќање со овој Закон и на приватниот сектор при постојните ниски плати би создало законско алиби за сопствениците и држење на платите на депресивно ниво.

Во изминативе денови овој Закон во јавноста беше презентиран како Закон со кој ќе се замрзнат платите на вработените, што апсолутно не е точно. Со овој Закон се предвидува можност за корекции на платите, но, во согласност со нивото на инфлација,применувајќи го принципот на делумни индексации. Притоа нивото на индексацијата ќе биде поповолно за стопанството отколку за вработените во нестопанството.

Се разбира, поконкретни информации ќе бидат дадени кога ќе се отвори расправа по самиот Закон.

<u>Ц е н и</u>

Во сферата на цените на производите и услугите ќе биде присутен принципот на нивно слободно формирање според условите на пазарот. Под режим на непосредна контрола во 1994 година ќе се најдат цените

V/7.-

На брашното од тип "500" и лебот од тоа брашно "600" грама, електричната енергија цените на нафтените деривати, на превозот во железничкиот сообраќај и ПТТ услугите.

Цените на водата, млекото, топлинската енергија, погребните услуги, превозот во градскиот и приградскиот сообраќај, премиите за задолжително осигурување од авто одговорност и провизиите во платниот промет ќе се подведат под режим на известување.

Во случај на пореметување на пазарот, ќе се применува режим на непосредна контрола на цените и кај други производи и услуги, а особено за производните и услугите кои се од витално значење за животот на населението.

Финансирање на јавните потреби

1. Финансирањето на јавните потреби на Република Македонија е во финансиски кризи, пред се, заради економската рецесија, поради порастот на правата и потребата од проширување на одделни функции по осамостојувањето на државата (одбрана, безбедноста, дипломатијата царина и друго, и заради големата финансиска недисциплина, а Во буџетскиот сектор крајно отежнато се остваруваат планираните приходи и расходи, а во доменот на социјалното осигурување битно е нарушено редовното финансирање. Помеѓу 1991 и 1993 година дефицитот во јавниот сектор се зголеми од 3,6% на 10,1% од општествениот производ, а се оценува дека во отсуство на корективни фискални мерки, тој би можел да достигне 13,5% од општествениот производ во 1994 година. Нараснатите дефицити не доведоа до губење на контрола на емисијата на пари, благодарение на одржувањето на високи износи на ненамирени

обврски кон домашните и надворешни,те кредитори што продуцира скриени дефицити во јавниот сектор и банките. Меѓутоа, оваа стратегија е ризична, изложена на постојани притисоци и не отвара простор за соодветно преиспитување и намалуваше на широко утврдените и дарежливи права, за да се елиминираат фискалните и квазифискалните дефицити. Со цел да се спречи брзиот по- раст на долгот на државата и втасаните неисплатени обврски, неодложна е потребата од преземање на решителни мерки за нивна отплата, а расположливите средства од нето задолжувањето во странство треба да се употребат за програмите за структурни промени. Оттука и се предлага и пакет на решенија и мерки кои ќе доведат до зголемени приходи од околу 4% од општествениот производ и до намалуваше на расходите од 5,4% од општествениот производ во однос на расходите доколку не се преземат корективни мерки, со што ќе се стават на располагање средства од 2,5% од општествениот производ за социјални програми, за надоместок за невработени и за санација на банкарскиот систем. Се очекува дека овие мерки ќе го лимитираат проектираниот дефицит на јавната потрошувачка на близу 6% од општествениот производ во 1994 година.

2. За денешнава седница на Собранието, меѓу другите законски решенија Владата ви достави и Предлог на Буџет за на- редната година. Мора да напоменам дека после подолг низ години ова е прв пат да се донесува Буџет пред отпочнуваше на годината и од друга страна, ова е прв Буџет кој не е урамнотежен, туку со прикажан дефицит. Се разбира, ниту досегашните буџети не биле урамнотежени, меѓутоа тоа формално се прикажувало со прикривање на дефицитите.

Како што можевте и самите да заклучите, државниот - буџет ќе се финансира од изворни приходи, од побарувања од претпријатија за извршени кредитни обврски преку Буџетот и од кредитни задолжувања во странство. Средствата од странство во износ од 202 милиони долари ќе се користат за намалување на кредитните обврски кон мултилатералните кредитори кои не се извршени во текот на 1992 и 1993 година и тие што втасуваат за плаќање во текот на 1994 година во денарска противвредност од околу 178 милиони долари, како и за рехабилитација на банките и за покривање на трошоците на социјалните програми.

Што се однесува до другите расходи на државниот буџет во оваа Програма се содржани три клучни мерки:

1) Субвенциите за земјоделието од Буџетот за 1994 година,,,вклучувајќи ги и дефицитите од 1993 година, се поставуваат на ниво од 2.624 милиони денари, што претставува 1,8% од општествениот производ спрема 1,2% во 1993 година.

2) Платите во нестопанството ќе го намалат нивото за 15% во споредба со нивото на платите во стопанството, што ќе ја намали платната сметка за околу 1,4% од општествениот производ во споредба со состојбите доколку не се преземат корективни мерки.

3) Буџетот ќе ги ограничи другите тековни расходи (исклучувајќи ги платите, субвенциите за земјоделието, плаќањето на камати, трансферите на организациите и расходите за социјалните програми) на 7.655 милиони денари, што претставува намалување од околу 1,4% од општествениот производ.

3. Стабилизационата програма треба да обезбеди значително зголемување на јавните ресурси за поддршка на структурните реформи

и за социјална сигурност на граѓаните.

1) Во Републичкиот буџет ќе бидат содржани дополнителни издвојувања за социјални програми кои ќе изнесуваат о,5% од општествениот производ.

2) Како трошок од Буџетот за санација на банките е проектиран износ од 2% од општествениот производ.

3) Вон Републичкиот буџет, средствата на Заводот за вработување - за надоместок на невработените ќе се зголемат за околу 0,4% од општествениот производ преку зголемување на придонесот од 0,5% на 1,5% од платите.

4) За финансирање на пензиите во 1994 година ќе се обезбедат приходи во висина од 12,4% од општествениот производ, спрема 9,5% во 1993 година.

4. Осетното намалување на приходите во изминатите години го одразува негативното влијание на опаѓањето на производството и нашата се уште ограничена способност да го оданочуваме приватниот сектор што е во подем.

Во Програмата се содржани бројни мерки кои имаат за цел проширување на доходовната основица и подобрување на собирањето на даноците.

1) Бројот на стапките на данокот на промет ќе се на- мали од 21 на 3, со општа стапка 25%, стапка од 5% за прехранбени производи, детска облека, течен гас и банкарски услуги и стапка од 10% за одделни други услуги. Исто така, ќе се укинат голем број ослободувања и ќе се воведе плаќање на данок на промет на увоз, тогаш кога производите влегуваат во земјата, а не во моментот кога се продаваат на домашниот пазар.

2) Се воведуваат акцизи на нафтените деривати, алкохолот, цигарите, автомобилите и други производи.

3) Постојните функции на Службата за општествено книговодство и Министерството за финансии за собирање на даноци ќе се интегрираат во една - Управа за јавни приходи при Министерството за финансии.

4) Сегашните девет персонални даноци на доход ќе се консолидираат во еден единствен данок со прогресивни стапки, а ќе се укинат и бројните ослободувања.

Политика на надворешниот сектор

1. Макроекономската стабилизација не може да биде трајна без стабилна платно - билансна позиција. Значително влошување на платно -билансните сметки генерира девалвација на националната валута и забрзување на инфлацијата.

Главните три елементи на платно - билансната позиција за 1994 година се:

1) дефицит во трговскиот и тековниот биланс;

2) осетен прилив на долгорочен капитал од странство, и

3) Натамошен пораст на девизните резерви.

Поради очекуваното неповолно влијание на надворешните фактори и очекуваното опаѓање на општествениот производ за 1994 година, извозот и увозот се проектирани на пониско номинално (доларско ниво) за над 3% во однос на 1993 година.

При ваква проекција на извозот и увозот во трговскиот биланс и во 1994 година се очекува да се оствари дефицит од околу 85 милиони долари.

Проектираниот дефицит во трговскиот. биланс е базиран •на претпоставките дека повеќе нема простор за понатамошно редуцирање на увозот и дека не е реално да се очекува .зголемување на извозот во услови на намалена понуда и неповолно екстерно опкружување.

2. Од битно значење за платниот биланс и за оваа Програма е навременото нормализирање на односите со надворешните кредитори, со цел да се дојде до странска финансиска поддршка која ќе биде клучна за успехот на Програмата. За некои од досега преземени активности јас претходно веќе говорев. Во оваа прилика само би истакнал дека Владата ќе применува сигурна стратегија за управување со долгот.

3. Битен фактор за заштита на платниот биланс е и пазарната детерминираност конкурентен курс кој што стимулативно ќе влијае на извозот, на приливот на приватни трансфери, како и за привлекување на странски директни институции.

Со оглед на релативно високата инфлација и релативно ниското ниво на девизните резерви, Република Македонија засега не може да го прифати режимот на фиксен девизен курс.

Структурни реформи

Стабилизационите мерки на макроекономската политика ќе бидат ефектни само на краток рок, доколку во текот на 1994 година не се започне и со структурните реформи. Притоа, од посебно значење е структурните реформи да се вршат координирано меѓу банкарскиот сектор и претпријатијата, при што особено треба да се интензивира процесот на приватизација и да се извршат соодветни реформи на пазарот на работната сила и во социјалниот сектор.

V/13.-

Реформи во банкарскиот систем

Банкарскиот сектор во Република Македонија е во криза и без реформски зафати на среден рок не е можна негова рехабилитација.

Основните причини за ваквата состојба се:

1) Оптовареноста на банките со големи износи на девизни штедни влогови (близу 1 милијарда долари);

2) Високите долгови и обврски кон странски банки и други кредитори по користените кредити за финансираше проекти на домашни претпријатија од општествениот сектор и приватното земјоделство, а најголем број од тие претпријатија сега се во лоша состојба и не можат да ги сервисираат обврските кон банките.

3) Банките во своите биланси поседуваат и денарски депозити со кои се поддржуваа тековните операции на претпријатијата, а кои во голема мера се обезвредени.

Постојната криза на банкарскиот систем произлегува и од неговата сопственичка структура, што води кон тоа банките да обезбедуваат квази фискална поддршка на претпријатијата кои воедно се и нивни сопственици и да немаат целосна финансиска автономија спрема државата. Затоа, основна стратегија на Владата ќе биде до 30 април 1994 година да изврши согледување на состојбите на банките, врз целосна ревизија извршена по меѓународни стандарди и да предложи финансиско преструктуирање на проблематичните банки

Финансиското преструктуирање ќе исклучува комбинација на повеќе мерки и тоа:

1) Решавање на проблемот на девизните заштеди што ја минимизира побарувачката на фискални средства;

2) Преземање од Владата на обврските на банките спрема странство кои не можат да се сервисираат од претпријатијата корисници, откако ќе се постигне договор за ненамирените обврски и каде што е можно отпишување на долгот со странските кредитори;

3) Подготвување на програми за идентификување на постојните загуби на денарските кредити.

Ќе се формира специјализирана Агенција за санација на банките.

Реформи во секторот на претпријатијата

Гледано долгорочно, недефинираната сопственичка структура во општествените претпријатија претставува главна причина за економските проблеми. Унапредувањето на конкурентското пазарно стопанство, преку брза приватизација и подобрено раководење и зголемена ефикасност на претпријатијата, се цени дека е позна- чајно отколку брзите приходи од продажбата на претпријатијата.

Оттука, треба да се создадат сите предуслови за динамизирање на процесот на приватизацијата.

За да се заокружи правната рамка на приватизацијата, во подготовка е Законот за денационализација, за надоместување на имотот на поранешните сопственици.

Во пакетот закони за денешнава седница, се предлага и Закон за продажба на деловниот простор. Се проценува дека вкупната пазарна вредност на деловниот' простор во општествена сопственост изнесува околу 150 милиони долари. Процесот на приватизација на деловниот простор во општествена сопственост ќе се остварува програмирано и со динамика што ја диктираат сегашните состојби во користењето на деловниот простор.

V/15.-

Почитувано Претседателство,

Почитувани пратеници,

Оваа Програма е соочување со нашата стварност. Таа стварност може и да не ни се допаѓа, но со затварање на очите пред неа, нејзе ниту ќе ја снема, ниту таа ќе се разубави. Оваа Програма бара многу работа и многу откажувања. И затоа би го поставил прашањето: Дали сме подготвени на тој напор во периодот на една година ако е таа залог за нашата иднина и иднината на нашите деца.

Оваа Програма е усогласена со ММФ и СБ за обнова и развој. Што значи дека има меѓународни стручни верификации од најкомпетентните места. Таа ги задоволува строгите критериуми на овие меѓународни институции и затоа и изразија спремност финансиски да ја поддржат. Таа е комплексна и конзистентна со мноштво компоненти кои се меѓусебно усогласени и избилансирани. Оттука, еден добар дел од амандманите што се навестени, а што можат да ги нарушат усогласените рамки и биланси со ММФ и СБ, Владата едноставно не може да ги прифати, бидејќи тоа би значело и губење на екстерната поддршка, односно паѓање на Програмата уште пред да се донесе.

Оваа е Стабилизациона програма на Владата, меѓутоа ние немаме амбиции да ја монополизираме. Напротив! Предлагам таа да биде државна, национална програма околу која ќе се направи и политички и социјален консензус. Мојата порака е истоветна и до позицијата и до опозицијата. Смислата на политичката борба е освојуваше на власта. Но кој е смисолот да се освојува Власта со одбивање, или што е уште полошо, со рушење на оваа Програма, кога и после изборите ќе се

соочите со истите проблеми, со истите меѓународни институции со истите нивни  критериуми само во многу попродлабочена економска криза и со многу повисока цена што ќе мора да се плати.

Таа е наша голема шанса, и прашање е, доколку ја пропуштиме, дали и кога повторно ќе ни се укаже.

1993-тата година е година на нашата политичка победа, година на меѓународното признавање на Република Македонија.

До тој резултат не беше ни малку лесно да се дојде. Беше ставено на испит нашето достоинство, нашата решителност, нашето трпение и спремност за откажување. И успеавме.

Нека истото тоа достоинство, решеност, главен мотивационен генератор за спроведување на оваа Програма.  Доколку сите застанеме зад неа не треба да се крајниот исход.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавме експозето. Предлагам сега да престанеме со работа, а да продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17, 50 часот).